МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Февруари 2009

БРОЈ 90

## Барометар за еднакви можности

МЦМС ги започна подготовките за проектот „Барометар за еднакви можности" со кој се очекува да се добијат резултати за состојбата со човековите права, еднаквите можности и недискриминацијата во Република Македонија.

Проектот предвидува спроведување анкета за еднакви можности. Прашалникот ќе содржи прашања за недискриминација по најмалку шест основи утврдени од Европската комисија во рамките на Европската година за еднакви можности во 2007. Резултатите од анкетата ќе бидат основа за подготовка на Извештај за еднаквите можности кој ќе биде јавно публикуван. Се очекува проектот да заврши до крајот на октомври 2009 година.

## Капацитети за недискриминација



И оваа година МЦМС ќе продолжи со активностите за градење на капацитетите за човекови права и недискриминација на клучните актери.

Обуки од областа на човековите права и недискриминацијата ќе се организираат за членките на коалицијата за недискриминација како и за државните службеници на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерство за внатрешни работи, центрите за социјална заштита, институцијата Народен правобранител и други.

МЦМС ќе организира и две студиски посети. Тие треба да придонесат кон зајакнување на свеста и кон градење на капацитетите на одговорните државни службеници за потребата од тело за заштита од дискриминација кое ќе ги исполнува Париските принципи. Првата студиска посета ќе биде на Агенцијата за фундаментални права (ФРА) во Виена, а во втората ќе биде посетена земја од регионот од која може да се научат лекции од нивното искуство. На студиските посети ќе учествуваат државните службеници, но и правни експерти и претставници на граѓанските организации.

# МЦМС ги обучуваше косовските граѓански организации



*Новите знаења ќе ги подобрат апликациите за ЕИДХР*

На покана на Косовската фондација за граѓанско општество, Фатмир Битиќи и Тања Хафнер Адеми, обучувачи на МЦМС спроведуваа 9 (6 на албански јазик и 3 на српски јазик) обуки за косовските граѓански организации. На обуките присуствуваа 175 претставници на различни граѓански организации кои работат во Косово. Учесниците беа со различна етничка припадност, Албанци, Срби, Роми, Турци и Бошњаци и со различни предзнаења за подготовките на проекти. Обуките се спроведуваа во: Приштина, Пеќ, Ѓаковица, Митровица, Призрен и во Гњилане на албански и на српски јазик.

Обуката требаше да им ги подобри знаењето и вештините на учесниците за процедурите при аплицирање за грантовите на ЕИДХР како и да обезбедат подетални информации за планирањето, аплицирањето, раководењето и спроведувањето на проектите финансирани од надворешната помош на Европската комисија.

Зенел Буњаку, извршен директор на ИАДК им препорачува на сите да ги следат овие обуки. „Ова беше едно големо искуство за нас и научивме многу од оваа обука", вели Буњаку. „Досега не сме имале искуства со ЕУ фондовите, значи ниту со нивните процедури. Се надевам дека стекнатите знаења ќе можеме да ги примениме во иднина", додаде тој.

По спроведувањето на обуките, учесниците ги разбраа критериумите и информациите за подобноста на одредени типови активности; го разбраа процесот на анализа на проблеми, анализа на цели, како од стратешка анализа да стигнат до логика на интервенција итн.

„Фидбекот од учесниците, за корисноста на информациите што ги добиле, беше многу позитивен", рече Фатмир Битиќи, еден од обучувачите. „Учесниците беа многу заинтересирани да научат но, имаше малку време за навлегување подлабоко и за вежбање на пристапот на логичка рамка. Освен тоа, за оние кои немаа претходни искуства ова беа многу нови информации", додаде Битиќи.

Учесниците покажаа интерес да аплицираат на отворениот повик на ЕИДХР. Успешноста на нивните апликации ќе биде најдобар доказ за наученото во деновите на обуката.

## Медиумите и граѓанските организации




Пред крајот на минатата година МЦМС направи проверка на перцепцијата за слаба застапеност на граѓанските организации во медиумите. Проверката покажа недоволна застапеност на граѓанските организации во медиумите и квантитативно и квалитативно.

Со набљудувањето беа опфатени весниците Време, Дневник, Утрински весник, Вечер и Коха за периодот октомври – декември 2008 година. Во овие три месеци, објавени се 47 написи (не се вклучени написите за црквите и верските заедници како и кратките вести, како најави за изложби, промоции). Најголем дел од написите (72,34%), се неутрални, 25,53% се позитивни, а 2,12% се негативни. Главен критериум за претставеноста на организацијата во написите беше дали новинарот/новинарката има дадено негативен или позитивен коментар на истата. Истражувањето покажа дека новинарите вообичаено се воздржуваат од коментари при преносот на информациите.

Известувањата вообичаено се кратки исвестувања (91,48%), а остатокот се извештаи и едно интервју. Што се однесува до темите, најчесто се известувало за деца, млади и студенти (21,28), за волонтеризмот (14,89), за одржливиот развој (10,64), за активностите што се поврзани околу корупцијата (8,51). Најзастапени организации во медиумите се оние кои работат во полето на демократијата, човековите права и владеењето на правата (21,28%) и организациите што се борат за правата на деца и млади, а најмалку застапени се организациите чија целна група се старите лица, односно што дејствуваат во областа на претставувањето на интересите на пензионерите, грижа за старите лица и сл.

Од набљудуваните весници, најмногу за граѓанските организации известувал Утрински весник (44,68%), а најмалку Коха (8,51%).

## Нови публикации

МЦМС ја издаде публикацијата **Односи со јавноста на здруженијата на граѓани во РМ** на м-р **Маријана Иванова**.



Истражувањето констатира дека имиџот на здруженијата на граѓани не е задоволителен меѓу целните групи врз кои се фокусира. Претставниците на тие целни групи мислат дека имиџот на здруженијата на граѓани е уште полош кај општата јавност, која ги идентификува со "петта колона", "перачи на пари", политички манипулатори, или пак ги обвинува за матни и нечесни политички или економски дејствувања.

Здруженијата ретко имаат стратешки приод кон своите односи со јавноста, не посветуваат доволно ресурси и користат класични алатки за односи со јавноста. Не комуницираат редовно со своите целни групи, како и меѓусебно. Ако сакаат да го подобрат својот имиџ и да основаат добри односи со јавноста, здруженијата треба да креираат соодветни стратегии и да стекнат теориско и практично знаење за односите со јавноста.

**Успех во 10 чекори - Создавање Локален акциски план за прашањето на хендикепот на Африм Илијази** е уште една нова публикација издадена од МЦМС. Публикацијата свртува внимание на прашањето на хендикепот како на социјално, а не медицинско прашање.



Авторот констатира дека локалните власти не успеале да ги земат во предвид правата на лицата со хендикеп за време на планирањето, донесувањето на одлуки или распоредувањето на ресурсите што води кон запоставување на правата и повремено кон отворено исклучување на дел од населението од општеството. Со оглед на фактот што лицата со хендикеп најчесто се дел од ранливите групи во општеството, развојните проекти треба да се планираат и да се реализираат на тој начин што ќе го земат во предвид прашањето за хендикепот.

## Пет проекти за подобар живот во Битола



*Секој коментар што ќе го подобри предлогот е добродојден*

На 28 февруари оваа година, во Битола, се одржа четвртата форумска сесија во рамките на програмата Форуми во заедницата. Пред 70-тина граѓани од Битола беа презентирани пет концепт проекти предложени од страна на работните групи.

Првиот концепт се однесува на с. Кишава. Се предлага да се среди просторот во училишниот двор, да се изградат спортски игралишта, да се постават спортски реквизити, и да се уреди паркот со засадување на дрвца и зеленило. Вториот концепт ја опфаќа населбата „Довлеџик" и нуди решенија за обележување на пешачките премини во оваа населба, поставување на сообраќајни знаци и лежечки полицајци околу градинката и асфалтирање на споредните улици.

Другите три концепт се однесуваа на средување на Тумбе кафе и тоа: основна инфраструктура (подобрување на водоснабдувањето, канализацијата, осветлувањето), спортско рекреативен комплекс (расчитувањето на трим патеката, заменување на оштетените реквизити и поставување на нови спортски и детски реквизити) и културно - историска знаменитост (обновување на пристапниот пат до Тумбе кафе, формирање на иницијативна група и медиумска застапеност и промоција за информирање на граѓаните за Летната сцена).

## Четврта форумска сесија во Ресен



*Учесниците гласаат за предлог проектите*

На 24 февруари оваа година, во Ресен, се одржа четвртата форумска сесија во рамките на програмата Форуми во заедницата. На неа учествуваа 80-тина граѓани, а беа презентирани 6 концепти за проекти предложени од страна на работните групи. Присутните ги поддржаа сите предложени концепти.

Со првиот проект „Лабораторија за испитување на присуството на пестициди во крвта на човекот, флората, фауната, воздухот, водата и почвата" се предвидува да се обезбедат достапни информации за влијанието на хемиските препарати и пестицидите врз здравјето на човекот и едукација за нивна правилна употреба; доопремување на лабораторијата при ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на респираторните заболувања – Отешево; обезбедување на апарат кој ќе овозможи испитување на концентрацијата на пестициди во крвта на човекот итн.

Со проектот „Изградба на еколошко - едукативен и спортско – рекреативен центар" се предвидува да се обезбеди поквалитетна животна средина преку разни облици на континуирана едукација на граѓаните од областа на екологијата.

Третиот проект е наречен „Уред за рециклирање на отпад од преработка на дрво" и се однесува на проблемот со цврстиот отпад од преработка на дрвото и неговото одлагање во водите на Голема Река. Работната група нуди решенија за овој проблем.

Следните три проекти се: „Уредување на градската депонија во Ресен" со кој се предлага да се направи уредување на постојната депонија; „Изградба на канализациони мрежи и пречистителни станици во селата кои гравитираат кон Преспанското Езеро" и „Обезбедување на доволно вода за пиење во градскиот водовод преку ископување на нови длабински бунари и бушотини".

Општина Ресен е една од осумте општини вклучени во втората фаза на програмата Форуми во заедницата, која се реализира со средства обезбедени од Швајцарската агенција за развој и соработка. МЦМС го фацилитира процесот во општина Ресен.

## Како се спроведува Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор



МЦМС го подготви и издаде Извештајот за спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот јануари 2007-декември 2008 година.

Извештајот дава оценка за спроведувањето на активностите (квалитет и квантитет) за наведениот период, го разгледува исполнувањето на планираните активности согласно дадената временска рамка, ги истакнува позитивните остварувања како и тесните грла и клучните потфрлања и дава заклучоци и препораки.

Извештајот ќе биде тема за посебна дебата што ќе се одржи во текот на април оваа година.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 66, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk